


## ПРВИОТ МУЗИЧКИ СОСТАВ „ТЕОДОСИЕВСКИ“

**Ансамблот Теодосиевски настапува со доста популарни имиња како што биле Мирвет Беловска, Васка Илиева, Никола Бадев, Кирил Манчевски, Блага Видец и други. А. Есма за првпат настапила и за првпат и Стево го слушнал тој глас на тоа девојче, кое на сите им оставило силен впечаток. Со нежниот кадифест глас, со егзотичниот изглед и една благост која зрачела од неа, Есма многу добро поминала и ги освоила многуте срца**

Како одминувало времето така Стево Теодеосиевски сè повеќе бил со  намера да оформи сопствен ансамбл. Тоа и се случило иако и делумно во 1953 година. Со мала група музичари го формирал составот кого го нарекол Ансамбл „Теодосиевски“. Тогаш ја набавил популарната  марка на хармоники „далапе супермаестро“, прва во Македонија.

Настапувале со ансамблот со доста популарни имиња како што биле Мирвет Беловска, Васка Илиева, Никола Бадев, Кирил Манчевски, Блага Видец и други. Заедничките настапи обично биле во викендите, кога воопшто не им било тешко да одат и во кое било време, и во кои било села и градови во земјата.

Теодосиевски не само што бил добро примен, туку неговиот ансамбл станувал сè попопуларен и сè повеќе го барале низ Македонија. Исто така, пристигнале многу покани од цела тогашна Југославија. На југословенските простори се пробивал со имиџ на квалитетен и атрактивен состав.

За време на настапот на стадионот „Ташмајдан“ во Белград, за сестрите Даница и Дафинка Мавровски аранжирал и ромски песни. Тие биле облечени во ромска облека и толку успешно го претставиле ромскиот репертоар на сцената што публиката била воодушевена од двете сестри, а за Стево, тоа бил почетокот со изведби на ромската музика, која докрај била дел од неговиот репертоарен опус.

Кога бил повикан од КУД „Владо Тасевски“ да го подготви ансамблот за натпреварување на Првиот југословенски фестивал на културно-уметнички друштва во Охрид, тој со задоволство го прифатил тоа. Стево направил многу проби и за првпат напишал и своја композиција за ансамблот и за него како солист на хармоника.

Изведбата на „соборско оро“ како солист поминала одлично на настанот. Затоа, жирито било фасцинирано, а Стево  ја добил првата награда. Таа била најголемата награда дотогаш како признание на неговата исклучителна работа и квалитет.



*Првиот ансамбл „Теодосиевски“*

Во тој период, македонската фолк-музика станувала сè побогата и поинтересна. Таа се пробивала на југословенските простори, каде станале популарни доста македонски песни и пејачи, инструменталисти и композитори. Тогаш се одржувало популарното шоу „Микрофонот е Ваш“.

На оваа манифестација продефилирале  многу познати и анонимни имиња и таленти, храбри и исплашени, добри и слаби, но, се пријавувале со намера, да си ја испробаат среќата, па, доколку е можно, во иднина, и да запливаат во музичките води.

Стево се сеќавал и многу често го раскажувал тоа, дека кога се појавила една мала мома со нежен, а моќен глас, тоа допрело до срцето на публиката. Всушност, веднаш ги освоила симпатиите на присутните во салата и на слушателите на Радио Скопје.

За првпат ја слушале и ја гледале, но, за првпат и Стево го слушнал тој глас на тоа девојче, кое на сите им оставило силен впечаток. Со нежниот кадифест глас, со егзотичниот изглед и една благост која зрачела од неа, Есма многу добро поминала.

Стево Теодосиевски како познат музичар веднаш и пришол и спознавајќи дека станува збор за голем талент и предложил на Есма да стане член на неговиот ансамбл. По разговорот Есма се согласила. Немало потреба да губат време, туку веднаш се зафатиле со работа и многу темелно го подготвиле настапот за финалето.

Есма победила во силна конкуренција. Ја добила првата награда, што била голема промоција за тоа девојче со специфичен глас. Дури и станала хит песната „Чајорије шукарије“ („Добро девојче“) и бргу ја лансирал на музичката сцена. Песната таман како да била создадена за нејзините гласовни потенцијали и кадифести тонски вибрации. Ромските песни Есма ги презентирала со исклучителна сензибилност и интерпретација.

Стево, Есма и членовите на Ансамблот „Теодосиевски“ се зафатиле со многу сериозна работа и многу потемелни подготовки. Веќе следело гостување во Белград. Песната

„Чајорије шукарије“ веќе била лансирана и позната. Во Белград на настапот присуствувал и еден од продуцентите на Телевизија Белград. Не останал рамнодушен кога ја слушнал изведбата на Есма и Ансамблот „Теодосиевски“. Ни за миг не се двоумел продуцентот, туку веднаш им понудил 15-минутен настап на Телевизија Белград.

Нивното шоу го воодушевило гледачкиот аудиториум. Пристигнале многу позитивни одгласи и веќе следен нивен настап бил во „Орфеум“, со познати естрадни ѕвезди кои биле популарни во тоа време. Значи, им се пружила голема можност за афирмација, а Есма и Стево максимално го искористиле тоа. Се претставиле во најубава светлина, и така зачекориле во сè повисоките скалила во естрадата на тогашните југословенски простори.

Сè побројни биле поканите за концерти, за медиумски и други промоции и настапи. И не е само тоа. Дискографската куќа „Југотон“ од Загреб, им испратила понуда за снимање на првата нивна плоча. Исто така, менаџерската куќа „Југоконцерт“ ги ставила на листата за гостување во странство, за што пристигнале и првите ангажмани.

По ваквите сè побројни и поголеми естрадни и деловни активности, Есма и Стево донеле одлука да се преселат во Белград. Нивниот скромен топол дом го свиле на Дедиње, таму купиле една мала куќа, која ја адаптирале во своевидна музичка куќа. Како неуморно работеле, така и се ределе нивните нови патувања: Израел, Бугарија, снимки за телевизијата во Виена, Австрија, гостување во Советскиот Сојуз...






**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**